Примено: 13.03.2024г.

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 0201 | 1947/2 | | |

ДО

**Собрание на акционери на АД ЕВРОПА СКОПЈЕ**

**Предмет: Известување**

Архивски знак: 0201
Рок на чување: 10 год.
13.03.2024 година
Потпис

Во согласност со чл.456 став 5 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на АД ЕВРОПА Скопје на Собранието на акционери му поднесува Известување за големата зделка со заинтересирана страна со предлог Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна и Извештај за разумно уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна од БЕНД Ревизија и консалтинг ДОО Тетово, што Собранието треба да ги разгледа. Одборот на директори му препорачува на Собранието да ја усвои предложената Одлука за голема зделка со заинтересирана страна со напомена дека акционерите имаат право и да не се согласат со истата.

Со ова Известување Одборот на директори на Собранието на акционери на друштвото АД ЕВРОПА Скопје му ги доставува податоците за страните на зделката, корисникот на зделката, вредноста, предметот, обемот и другите материјални услови на истата.

Во тој контекст Ве известуваме дека вредноста на секоја од поединечните зделки или кумулативно за период од денот на донесување на Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна до одржување на наредното Годишно собрание нема да надминува износ од 290.000.000 денари. Наведуваме дека АД ЕВРОПА Скопје е корисник односно купувач на стоки (суровини, амбалажа, канцелариски материјали, исхрана на вработените и дел од ХТЗ опремата) и услуги во износ од 288.000.000 денари и давател односно продавач на стоки (производи од асортиманот на АД ЕВРОПА Скопје) во износ од 2.000.000 денари, при што ФЕРШПЕД АД Скопје се јавува како страна во наведените зделки.

Одбор на директори

Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА СКОПЈЕ

Претседател
Наташа Милева